**ГРАД СКОПЈЕ**
**Бр.** 08-3994/3
19-04-2023
**Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), а во врска со член 6 став 2 од Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/2019 и 14/2020), а согласно член 11-к од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија" бр.67/2004, 81/2007, 55/2013, 158/2014, 193/2015, 39/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.152/2019) Град Скопје, објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС бр. 02/2023**

за пополнување на работно место со унапредување во Територијална противпожарна единица на Градот Скопје – Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ), Сектор за заштита и спасување

**1. Командир на вод на центар Автокоманда** шифра ПОЖ0210Б03000 во Територијална противпожарна единица на Градот Скопје – Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ), Сектор за заштита и спасување **............1 извршител.**

Кандидатите потребно е да ги исполнуваат следните услови:

**Општи услови**:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
- ниво на стручни квалификации - IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование;
- најмалку три години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија како работен стаж.

**Други посебни услови:**
- положен стручен испит за раководител на акција за гасење пожар и спасување на луѓе и имот, во рок од 3 месеци од распоредувањето на работното место, и

**Општи работни компетенции:**
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг,
- учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати,

- работење со други/тимска работа,
- стратешка свест,
- ориентираност кон засегнати страни и
- раководење.

*Паричниот износ на основната нето плата за работното место* **Командир на вод на центар Автокоманда** *изнесува* **29.773 *денари.***

*Работното време е во смени/турнуси и тоа - 12 часа работа, 24 часа одмор, 12 часа работа, 48 часа одмор.*

На интерниот оглас може да се пријави вработен во Град Скопје, во Територијалната противпожарна единица на Градот Скопје – Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ), Сектор за заштита и спасување, кој ги исполнува горенаведените општи и посебни услови за пополнување на работното место, како и:

- да ги исполнува условите утврдени во актот за систематизација на работните места за работното место на кое се врши унапредувањето;
- да бил оценет со оценка “А” или “Б” на оценувањето во годината пред унапредувањето согласно со членот 11-ј од Законот за пожарникарството;
- да ги исполнува работните компетенции предвидени за работното место на кое се унапредува;
- да е распореден на ниво непосредно пониско од нивото на кое се унапредува,
- да поминале најмалку две години од неговото последно унапредување, и
- во последната година да не бил казнуван поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази:
- потврди за успешно реализирани обуки

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот.

Заинтересираните кандидати поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место (доколку истите ги немаат претходно доставено во персоналното досие) преку архивата на Град Скопје до Секторот за управување со човечки ресурси на адреса Град Скопје, бул.Илинден бр.82, како и до службената електронска адреса coveckiresursi@skopje.gov.mk со назнака “за интерен оглас бр.**02/2023**“.
Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.
Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Градоначалникот на Град Скопје.

**НАПОМЕНА**: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

**ГРАД СКОПЈЕ**
**Градоначалник**

**Данела Арсовска**

Изготвил: Валентина Ѓоргиевска
Контролирал:
Одобрил: